UDK 271.2

ISSN 1409-5483

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**
**ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ**
**„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

## КНИГА 27

**СКОПЈЕ, 2021**

27-36-244

ЃОКО ЃОРЃЕВСКИ

# НАУМ – ОБЈАВУВАЧ НА ГОСПОДОВАТА КАЗНА И ПРОРОК НА БОЖЈАТА УТЕХА

Во минатото на пророкот Наум честопати му се забележувало за ревносните најави за суров суд врз Ниневија поради неморалноста и гревовноста на нејзините жители, без прикривање на радоста за крајот на безмилосниот град, но и без притоа да каже ниту еден збор за безбожноста и гревовите на неговиот еврејски народ.[1] Познато е дека старозаветната пророчка служба и пророчките книги главно се восредоточени врз гревовната состојба на сопствениот народ, објавувајќи ги Божјите опомени и повикувајќи на покајание. Од тие причини, кога станува збор за писателската дарба, пророкот Наум е исклучително вреднуван од страна на толкувачите, но истовремено, тие се многу внимателни кога говорат за Наумовата пророчка мисија. Како што еден меѓу нив забележува, „Наум сите нè воодушевува како поет, но нè разжалостува како пророк“.[2]

Книгата е многу често цитирана во Стариот завет, па затоа без тешкотии станува дел од старозаветниот канон кај Евреите,[3] а потоа и канонски спис

[1] J.P.M. Smith – W.H.Ward – J.A.Bewer, *A Critical and Exegetical Commentary on Micah, Nahum, Habakkuk, Obadiah and Joel* (ICC), Edinburg 1912, 281. Некои сметаат дека отсуството на критика за сопствениот народ се состои и во фактот дека младиот цар Јосија веќе започнал сеопфатни реформи и дека пророкот ги очекувал резултатите од таа обнова, посебно по 622 година, кога е пронајдена книгата на Второзаконието, која станала извор и вдахновение на нова, внатрешна обнова на народот. Сепак, не треба да се изуми дека во тоа време во Јудеја делува и пророкот Еремија, кој најавувал доаѓање на темни облаци од север, осудувајќи го подеднакво богоотстапништвото на својот народ и навестувајќи слична судбина за него како и за жителите на Ниневија. И навистина, судбината на Ниневија нема да биде многу различна од онаа на Ерусалим. Тоа значи дека Бог не може да биде Бог на неправда, туку само на правда (Božo Lujić, *Starozavjetni proroci*, Zagreb 2010, 235).

[2] L. Alonso Schökel – J.L. Sicre Diaz, *I profeti*, Roma 1984, 1227.

[3] Меѓу најзначајниот пример би го издвоиле оној од книгата Товит, иако станува збор само за верзијата од Синајскиот кодекс (во Ватиканскиот кодекс, како и во македонскиот превод на Светото писмо овде се говори за пророкот Јона, не за Наум). Имено, кога Товит го повикува својот син Товиј и седумте внуци на смртна постела, тој побарува да појдат Мидија,

за христијаните (иако Новиот завет никаде експлицитно не цитира текст од оваа книга,[4] ниту, пак, се употребува на православното богослужение),[5] Отците на Црквата честопати го читаат Наум како утешителен текст за прогонуваните христијани, гледајќи во Ниневија како симбол на злото, а во нејзиниот пад победа на доброто и правдата.[6]

## 1. Податоци за настанувањето на книгата

### 1.1 *Автор*

Автор на книгата е пророкот Наум, чие име претставува кратенка (или, пак, партицип од глаголот *nhm* во *piel*) што значи „утешува", со што соодветно се отсликува улогата и задачата на овој пророк: „Господ е Оној кој утешува". Инаку, за пророкот се знае многу малку. На почетокот од книгата се споменува само местото на неговото потекло, Елкош (или Елкос, 1,1), чијашто локација се чини непозната.

Имено, во предговорот на своето толкување за Наум, Блажени Ероним пишува дека Елкош бил во Галилеја (кога патувал низ Палестина, му биле покажувани некои остатоци од Елкош во Галилеја, но без да поседува поконкретни докази кои би оделе во прилог на ваквото мислење).[7] Други сметаат дека се работи за Ал Кус (денес на север од Мосул), оддалечен два дена одење на север од Ниневија.[8] Своето мислење го оправдуваат врз основа на описите кои Наум ги дава за Ниневија, како да ја видел со свои очи. Оттаму и претпоставката дека Наум би бил еден од оние кои Сенахириб во 701 година пр. Хр. ги довел како робови во Асирија. За жал, не постојат никакви податоци кои би можеле да ја поткрепат таа претпоставка. Ал Кус навистина постоел, но многу подоцна од тоа време.[9] Според некои, пак, Елкош треба да биде поврзан со античкиот град Елевтерополис, додека, пак, постои и мислење дека Елкош треба да има некаква врска со Капернаум (букв. „селото

---

а да ја избегнат Ниневија, затоа што знае дека таа ќе биде разурната, според зборовите на пророкот Наум (Тов 14,3-4).

[4] Сепак, темата за Божјата лутина (На 1,6) се среќава во Откр 6,17, поракaта за прославување на мирот (На 2,1) може да се види применета врз Христос во Дела 10,36, врз апостолите во Рим 10,15, како и врз сите христијани во Еф 6,15.

[5] Donatella Scaiola, *I dodici profeti: perche «minori»? Ezegesi e teologia*, Bologna 2011, 128.

[6] J.-M. Duval, "Jérôme et les prophètes, во J.A. Emerton (ed.), *Congress Volume Salamanca* 1983 (VT.S 36), Leiden 1985, 108–131.

[7] Сп. K.J. Catchart, "Book of Naum", во *Ancor Bible Dictionry* 4, 998-1001.

[8] L. Alonso Schökel – J.L. Sicre Diaz, *I profeti*, 1223; Доментијан, *Пророчке књиге Старог завета*, Београд 1908, 224.

[9] Božo Lujić, *Starozavjetni proroci*, 232.

на Наум“).[10] Сепак, најголем дел од егзегетите сметаат дека Наум потекнува од Јудеја,[11] а ваквото мислење се заснова врз тематиката на неговиот спис, како и посебно истакнатата Наумова поетска дарба.

Постои и мислење дека Елкош не е толку насока кон местото на раѓање, колку кон неговото занимање. Зборот се изведува од коренот *’el qešet*, што би значело „врховен заповедник на стрелците“. Според ваквото размислување, Наум би бил војник кој заедно со асирскиот цар Асурбанипал учествувал во воениот поход против Египет и Теба, настан за којшто се говори во овој пророчки спис. Не треба да се изуми и претпоставката според која Наум е само псевдоним на некој службеник кој работел на дворот на царот Манасија и кој добро ја познавал асирската литература во врска со договорите и култните прописи.[12]

Недостатокот на податоци врз коишто се градат сите овие претпоставки, сепак, може да се претвори во придобивка од херменевтичка гледна точка, бидејќи, од една страна, го спречува читателот да го насочи вниманието врз биографијата на пророкот или, уште полошо, да се восредоточи врз елементи од психолошка природа (како што се случува, понекогаш, кога некој го проучува, на пример, пророкот Осија или Еремија), а, од друга страна, пак, ни овозможува да го вреднуваме она што е навистина достапно, односно самата книга на пророкот Наум.

### 1.2 ***Историски околности, време и место на пишување***

Во книгата на пророкот Наум не се споменува ниту еден цар, иако се појавуваат два историски податока: падот на Теба (3,8) и оној на Ниневија. Теба била ставена под асирска власт во 670 година, но целосниот пад се случува во 661[13] (или 664[14]) година пр. Хр. Ниневија, пак, била уништена во 612 година, по нападот на Мидијците,[15] Вавилонците и Скитите, на крајот

---

[10] Сп. J.A. Soggin, Introduzione all’Antico Testamento, Dalle origini alla chiusura del Canone alessandrino, Brescia 1987, 353.

[11] E.A. Leslie, “Book of Nahum”, *The Interpreter Dictionary of the Bible III,* Nashville 1991, 498-499.

[12] Božo Lujić, *Starozavjetni proroci*, 232-233. Некои го споредуваат Наум со пророк Ананија од храмот, којшто дошол во судир со пророкот Еремија (сп. Ер 28), но ваквата претпоставка е премногу слободна (види И. Томиħ, Старозаветни пророци, Београд, 2013, 180).

[13] Donatella Scaiola, *Naum, Abacuc, Sofonia. Introduzione, traduzione, commento*, Cinsello Balsamo 2013, 16.

[14] Božo Lujić, *Starozavjetni proroci*, 232.

[15] Според некои размислувања, може да станува збор дури и за освојувањето на Ниневија од Мидијците, види J.A. Soggin, *Introduzione all’Antico Testamento*, 354.

од една опсада што траела цели три месеци. Па така, пишувањето на книгата би можело да се постави помеѓу 661 и 612 година, според мислењето на бројни егзегети, иако употребата на историски наводи за да се датираат пророчките книги понекогаш може да биде проблематична.[16] Меѓу причините за оваа дилема се издвојуваат најмалку две. Прво, никогаш не е јасно дали пророкот, кој често се изразува со таканаречениот „пророчки перфект“, се повикува на минати настани или опишува настани што треба да се случат во иднината, која е водена од Бога, а чиешто остварување е видено како сосема извесно. Потоа, историските наводи употребени од пророците можеби имале некакво значење тогаш кога авторот ги користел, но тие, исто така, би можеле да се здобијат и со други значења од симболична природа (на пример, кога книгата била прочитана, препрочитана и применета за нови ситуации и контексти).[17]

Врз основа на претходно кажаното, Наум ја започнал својата пророчка служба за време на царот Манасија (696 – 642), кој бил претерано наклонет кон Асирците. Впрочем, тој бил верен на Асирија дури и повеќе отколку тоа го побарувале неговите вазалски должности, Пророштвата, пак, би можеле да бидат напишани околу 625 година, кога Набополасар станал водач на Вавилонците.[18] Тоа значи дека Наум пророкувал определено време пред да ја напише книгата.[19]

Според Јосиф Флавиј, пак, пророкот Наум го претскажал падот на Ниневија 115 години пред тоа да случи. Од ова произлегува дека пророкот би требало да пророкува при царот Езекиј (745 – 716). Со оваа претпоставка се согласуваат и Блажени Ероним, Теодорит и др., но додаваат дека пророкот продолжил со својата служба во првите години од владеењето на царот Манасија. Врз основа на големата сличност со книгата на пророк Исаија (На 3,5 = Ис. 47,2-3; На 3, 7-10 = Ис. 51,19; На 2,7 = Ис. 52,17) и јасните укажувања во книгата на пророк Наум за протерувањето во десетгодишно ропство (2,2; 3,1-5), потоа описите за разоружување на градот Но-Амон, Египет и Ливијците (На 3,8-9), походот на Египет кој претходел на походот на Јудеја

[16] Сп. Gianpaolo Pagano, *I profeti tra storia e teologia*, Bologna 2016, 95.

[17] Како заклучок, да се предложи точно датирање за настанување на книгата на пророкот Наум е многу тешко и можеби би било неопходно да се направи разлика помеѓу историскиот контекст на кој се однесува книгата (периодот од 661 до 612 година) и моментот во кој е напишан списот, што можеби се случило и подоцна, сп. Donatella Scaiola, *Naum, Abacuc, Sofonia. Introduzione, traduzione, commento*, 16–17).

[18] H. Schüngel-Straumann, *Izrael i drugi (Mali komentari Biblije)*, Zagreb 1990, 25.

[19] Во прилог на оваа претпоставка е и веројатноста дека Наум би бил казнет од Манасија за еден ваков анти-асирски спис и дека списот е објавен дури по смртта на царот, иако поголемиот дел од животот го минал под негово владеење (сп. Božo Lujić, *Starozavjetni proroci*, 233).

(Ис 20,1-4), некои сметаат дека пророк Наум за време на асирскиот поход врз Израилското царство се преселил во Јудеја и таму пророкувал со пророк Исаија. Освен тоа, во книгата на пророк Наум има укажувања за скорешниот поход на царот Сенахирим врз Јудеја (1,11; 2,1), а според 4 Цар 18,13, тој се случил во 14-та година од владеењето на цар Езекиј. Според ваквото мислење, пророкот Наум ја започнал пророчката служба при јудејскиот цар Езекиј, за време на втората половина од неговото владеење, а потоа продолжил да пророкува и при царот Манасија.[20]

Поголемиот дел од толкувачите се согласуваат дека местото на пророчката služба на Наум, како што се забележува од неговата книга, била Јудеја (1,15), но целото внимание е восредоточено кон Ниневија и токму затоа е потребно да се приложат дополнителни податоци за овој град. Како што е познато, Ниневија се појавува и во други пророчки текстови, како што е оној на Јона. За првпат се споменува во Кодексот на Хамураби (околу 1750 година пр. Хр.), кој се дефинира себеси како цар кој го прославил името на божицата Иштар во нејзиниот храм во Ниневија. Со векови потоа не се знае речиси ништо за градот, дури и во подоцнежно време. Салманасар III, кој владеел од 858 до 824 пр. Хр., од Ниневија направил база за неговиот поход да го потчини Израилското царство. Познатиот црн обелиск во Британскиот музеј ја отсликува сцената во која царот на Израил Јеху, син на Омри, клекнува пред Салманесар. Тиглат-Пилесер III (745 – 727), кого Светото писмо го нарекува и Пул, ја нападнал Јудеја и добил одликување од Азарија, а подоцна и од Менаим, израилскиот цар, кој му платил илјада таланти сребро „за да му помогне да се утврди неговата царска власт“ (4Цар 15,19). Јудејскиот цар Ахаз, пак, побарал помош од Тиглат-Пилесер против Резин и Факеј, кои се беа здружиле против него; асирскиот цар го спасил од неговите непријатели, но за возврат побарал огромна сума пари. Ахаз, згора на тоа, можеби на барање на Тиглат-Пилесер, подигал жртвеник во Ерусалим на кој и самиот принел жртви (сп. 4Цар 16,10-16). Во следните сто години Јудејското царство било вазал на Асирија, чија моќ била концентрирана во главниот град Ниневија. Во 733–732 година, Пул го нападнал Израил, го соборил Факеј, а на негово место го поставил како цар Осија, еден од неговите вазали; потоа земал бројни даноци и протерал многу жители на Самарија. Во 722/721 година, Салманесер V, син на Тиглат-Пилесер, тргнал против Самарија и, по неговата смрт, Саргон II (721 – 705) го освоил градот, со што завршила историјата на Северното израилско царство. Во 701 година, Сенахирим (705-681), син на Саргон, ја нападнал Јудеја и го опседнал Ерусалим, но градот бил чудесно спасен (сп. 4 Цар 18-19; Ис 36-37). Сенахирим ја до-

[20] Доментијан, *Пророчке књиге Старог завета*, 224–225.

градил Ниневија, со што ја направил најголем град во своето време.[21] Голем градежен подем се случува и за време на неговите потомци, Асархадон, како и со Асурбанипал, со кого е поврзано откривањето на позната библиотека. Меѓутоа, по смртта на Асурбанипал, започнува падот на Ниневија, што се должи на различни фактори: внатрешна корупција, подемот на Вавилон, притисокот што го вршат полуномадски групи, вклучувајќи ги Скитите и Мидијците. Набополасар ја презел контролата врз Вавилон и се стекнал со независност во 623 година. Во 614 година Асур бил освоен од Мидијците. Во 612 година, Набополасар и Мидијците ја нападнале и освоиле Ниневија, потоа Харан околу 610 година и конечно Каркемиш во 605 година. Дури и од овие кратки наводи може да се открие раскошот и богатството на Ниневија, која сепак постигнала таква слава преку освојувањето и ограбувањето на многу народи и земји, а од друга страна, пак, може да се разбере и радоста за крајот на суровата и безмилосна асирска империја, која станува синоним и претстава за секое друго аналогно владеење од тој вид, било тоа да е во минатото или денес.[22]

Во однос на утврдувањето на местото каде што се наоѓал градот, тоа било непознато повеќе од две илјади години. Дури околу четириесеттите години од 19 век, некои научници и археолози успеваат да го лоцираат крај заливот на реката Тигар, каде што се сега населбите Кујунџик, Корсабад, Неби-Јупус, Нимруд, Карамлес, откривајќи ги урнатитите на славната Ниневија.[23]

## 2. Литературни аспекти на книгата

Очигледно е дека авторот на оваа книга е префинет поет, кој го користи еврејскиот текст со голема вештина, вешто сложувајќи чудесна серија од зборови, за жал, јасно забележливи само во оригиналниот текст, којшто воопшто не е лесно соодветно да се преведе на друг јазик.

[21] Внатрешниот град бил опкружен со ѕид со големина од 8 милји во обем, со четиринаесет порти и повеќе од сто кули. Во прилог на овој внатрешен ѕид имало и уште еден, многу подолг, кој ги заштитувал периферните предградија. Палатата на Сенахирим била наречена „неспоредлива палата“ и била изградена од кедар, чемпрес и алабастер, а бронзени лавови и бели мермерни бикови биле поставени да го чуваат.

[22] Donatella Scaiola, *Naum, Abacuc, Sofonia. Introduzione, traduzione, commento*, 17-18.

[23] Сепак, научниците не само што различно го одредуваат местото на старата Ниневија, но и просторот кој таа го зафаќала, во што не се согласуваат ни старите грчки историчари. Според едните, градот лежел на брегот на реката Тигар (Ксенофонт, Херодот), додека според другите, тој се наоѓал во близина на Еуфрат (Диодор Сицилиски). Ваквата поделеност во ставовите се должи можеби и на тоа што Ниневија била многу голема и поради тоа што во нејзин состав влегувале многу предградија (Доментијан, *Пророчке књиге Старог завета*, 224–225).

### 2.1 *Псалм во акростих во Наум 1?*

Меѓу проблемите од литературен тип што ги поставува книгата е и оној што се однесува на почетокот на книгата, На 1,3-8, којшто се чини дека е дел од псалм во акростих (т.е. псалм во кој секој стих започнува со различна буква според нивниот редослед во азбуката), што е сѐ уште предмет на дискусија меѓу егзегетите.[24] Тие и самите си го поставуваат прашањето, дали од методолошка гледна точка се валидни реконструкциите на делот што недостасува во акростишниот псалм, или поправилно е да се држиме до она што го имаме, без да го модифицираме текстот? Нашата методолошка опција е да се анализира списот во завршна форма, без да се менува масоретскиот текст, обидувајќи се да го протолкуваме она што традицијата ни го предала како канонски текст. Затоа, се отфрлаат предложените хипотези за измени на хебрејскиот текст и затоа нема да се навлегува ниту во прашањето за основаноста на претпоставката за постоењето на можен интегрален акростишен псалм.[25]

### 2.2 *Структура*

Поделени се мислењата на библистите во однос на структурата на книгата, без притоа да се дојде до некаков консензус. Според некои библисти, првото пророштво, клучно за пораката на Наум, мора да се идентификува во химната 1,2-11, која е упатена до непријателот. Последното пророштво против Ниневија (3,14-19), исто така, завршува со порака за непријателот. Помеѓу овие две крајности се идентификуваат четири пророштва за суд врз Ниневија (1,12-14; 2,1-14; 3,1-7; 3,8-13), од кои секое завршува со Господовиот збор воведен со „ете“ или „еве ме“ (2,1.14; 3,5.13).[26]

Има и такви размислувања, според кои треба да се разликуваат два дела во списот на Наум, На 1,2-14 и 2,1-3,19. На почетокот на секој дел се објавува тема (1,2; 2,1-2), која потоа се развива во серија поголеми целини (прв дел: 1,3-10; 1,11-14; втор дел: 2,3-10; 2,11-14; 3,1-7; 3,8-19). И двата дела ќе

---

[24] Всушност, од крајот на деветнаесеттиот век, многу егзегети се обиделе да го интегрираат исчезнатиот дел од овој псалм, исто така, благодарение на комплицирани (и сомнителни) операции за реконструкција на хебрејскиот текст, кои досега не произведоа вистински консензус, но само предизвикаа поголема дискусија.

[25] Donatella Scaiola, *Naum, Abacuc, Sofonia. Introduzione, traduzione, commento*, 12–13; И. Томић, *Старозаветни пророци,* Београд, 181.

[26] E. Achtemeier, *I Dodici profeti. Parte seconda: Naum, Abacuc, Sofonia, Aggeo, Zaccaria, Malachia*, Torino 2007.

завршат со приказ: во 2,1 е веста за падот на Ниневија која ја носи гласник кој „објавува мир", а во 3,19 веста се прима со радост[27].

Сепак, најприфатлив се чини предлогот на некои библисти, според којшто книгата на Наум може да се подели на три дела, што суштински одговараат на трите поглавја што ја сочинуваат: гл. 1 = појаснување за божествената цел за суд врз Ниневија, каде фокусот е ставен врз Бога и Неговата природа; гл. 2 = опис на битката со израз на радост поради падот на Ниневија, и гл. 3 = пророштво за судбината на Ниневија, враќање на темата за вината на градот и причината за неговата неизбежна пропаст. Тоа значи дека првиот дел се отвора со описот на Бога како цар и праведен судија (ст. 2). Како таков, Бог ќе им суди на виновните (1,3-6) и, иако е добар, ќе ги уништи оние што заговараат против Него (1,7-10). Овие општи набљудувања, поврзани со Бога и неговиот начин на присуство во светот, се применуваат на моменталната ситуација: Ниневија ќе страда поради Божјата праведна пресуда, додека Јуда, иако во минатото беше казнет, сега ќе доживее мир и радост (1,11-14). Во вториот дел се повторува темата за пресудата за Ниневија и обновата на Јуда (2,1-2) инсистирајќи на описот на опсадата и уништувањето на Ниневија (2,3-10), употребувајќи споредба на лав заробен во неговото сопствено дувло (2,11-14). Оваа тема конечно повторно се обработува во гл. 3, што се отвора со нов опис за падот на Ниневија (3,1-7), којшто потоа ќе биде споредена со оној на Теба (3,8-19)[28].

### 2.3. *Текст и пренесување на текстот*

Хебрејскиот текст на книгата Наум, и покрај тоа што е многу краток, содржи извесни проблеми: се среќаваат повеќе случаи на *qere-ketib*, има ретки граматички и стилски форми, како и присуство на неколку *hapax*. Главните потешкотии, сепак, се припишуваат на фактот дека станува збор за поетски текст, на моменти навистина префинет, па затоа и ги содржи типичните проблеми од овој литературен жанр.

Пет фрагменти од текстот, како и коментар за Наум, се пронајдени во Кумран (4QPesher Nahum означен како 4QpNah или 4Ql69). Петте фрагменти од 4QPesher Naum толкуваат делови од текстови од сите глави од Наумовата книга (1,3-6; 2,12-24; 3,1-12.14). Типично за ова толкување е обидот да се применат зборовите на пророкот врз тогашната состојба на заедницата.

---

[27] R.D. Patterson - M.E.Travers, "Literary Analysis and the Unity ofNahum", *Grace Theological Journa/9* (1988) 45–58.

[28] Donatella Scaiola, *Naum, Abacuc, Sofonia. Introduzione, traduzione, commento*, 12–13.

На пример, толкувањето на На 2,12-14 го применува библискиот текст врз двајца цареви од тој период, Димитриј III и Антиох IV Епифан[29].

### 2.4. *Положба на книгата во збирката на дванаесетте пророци*

Во масоретскиот текст Наумовата книга е сместена помеѓу Михеј и Авакум, значи во втората половина од збирката на дванаесетте мали пророци. Нејзината канонска поставеност воопшто не е случајна, како што покажаа и сличностите помеѓу насловот во книгата на Наум и онаа на Авакум.[30] Од тематска гледна точка, пак, постои врска помеѓу изобличувањето коешто Михеј го упатува до Самарија и Јуда и пресудата што Наум ја изрекува против Ниневија. Всушност, наспроти искушението да се смета дека грешниците се секогаш другите (непријателите, туѓинците, омразените Ниневјани), поврзаноста помеѓу Михеј и Наум треба да го направи читателот повнимателен, помагајќи му да идентификува евентуални сличности помеѓу неговата ситуација и онаа којашто е осудена од пророкот.

Меѓутоа, во LXX, пред книгата на Наум е поставена онаа на пророкот Јона, кој, исто така, се занимава со градот Ниневија и неговата судбина. Редоследот на списите еден по друг во рамките на LXX можеби изгледа, на прв поглед, пологична, поразбирлива, но поради оваа причина не е поедноставна од теолошка гледна точка. Од сличностите и разликите помеѓу Јона и Наум, всушност, е јасно дека не може да се претпостави само еден став кон непријателите, за кои Ниневија е симбол. Падот на Ниневија кај Наум предизвикува радост, но самите омразени непријатели, според книгата на Јона, покажуваат многу поголема заслуга отколку жителите на Ерусалим, каде беа испратени многу повеќе пророци. Каков став да се заземе кон непријателот? И двата списа завршуваат со ова прашање, еден вид предупредување против сумираните судови и предрасудите.[31] Додека и двете поставености на Наумовата книга се валидни, се чини дека LXX се претставува повеќе како *lectio facilior* и дека, следствено, редоследот во списите во масоретскиот текст, иако малку потешко е да се објасни, треба да се претпочита.[32]

---

[29] Donatella Scaiola, *Naum, Abacuc, Sofonia. Introduzione, traduzione, commento*, 19.

[30] И во На 1,1 и во Ав 1,1 се појавува коренот ḥzh „да види", „видение", а пророштвото во целина е дефинирано како „предвидување" (maśśā'). Сп. Gianpaolo Pagano, *I profeti tra storia e teologia*, Bologna 2016, 95.

[31] Некои егзегети со право забележуваат дека обете книги завршуваат со прашања, со констатација за злото на Ниневија во Наум (3,19) и повик за милост кон Бога во однос на Јона (4,11), каде обете во себе содржат слично славословие. Во првиот случај се истакнува Господовата правда, а во другиот Господовата милост (Gianpaolo Pagano, *I profeti tra storia e teologia*, 98–99).

[32] Donatella Scaiola, *Naum, Abacuc, Sofonia. Introduzione, traduzione, commento*, 14-15.

## 3. Клучни теми

### 3.1 *Главни карактеристики и насоки*

Уште на самиот почеток од книгата читателот е упатен вниманието да го насочи не толку кон пророкот, колку кон самата книга: „пророштво за Ниневија, книга на видението на Наум од Елкош“ (1,1). Пророкот, кој ниту еднаш во книгата не е наречен пророк, се затскрива себеси ставајќи ја книгата во прв план, давајќи ни на тој начин значаен показател кон што треба да го посветиме нашето размислување.[33] Наместо да се запрашуваме за оној кој говори, ние сме пренасочени кон предметот за којшто се говори, единствен случај опишан на овој начин во пророчкиот корпус, кога книгата е дефинирана како пророштво (*maśśāh*) и видение (*ḥāzôn*).[34]

Ниневија, освен што е град кој историски постоел, поради својата улога во историјата на другите народи и земји, примил и амблематична вредност. Ниневија е претставена како град – симбол на опресивна моќ која владее над сиропалестинските простори повеќе од еден век, но и таа која е одговорна за уништувањето на Самарија, а со тоа и за пропаста на Северното израилско царство во 721 година пр. Хр.[35]

Друга карактеристика на Наумовото пророштво, слично на оние на Авакум и Софонија (чии книги следат непосредно по Наумовата книга), е фактот дека победата над злото и отстранувањето на угнетувачот не се очекува од некој нов цар или месија. Напротив, овие пророци се навраќаат на монархијата, кон времето на судијата Самоил, објавувајќи го Бог како единствен и најголем Владетел.

Следна значајна карактеристика е интертекстуалноста, односно цитирањето на други библиски текстови. Веќе беше забележано дека постојат врски со текстовите меѓу Наум и Исаија, на кои може да се надоврзе и тематски елемент, имајќи предвид дека Наум ги реинтерпретира Исаините пророштва. Нашиот пророк е инспириран од претходните пророци, меѓу кои очигледно Исаија зазема посебно место, но постојат врски и со други-

---

[33] Gianpaolo Pagano, *I profeti tra storia e teologia*, 95.

[34] Овие термини се многу општи, но сепак, значајни. Првиот, *maśśāh*, „пророштво“, е термин што ја означува пораката на пророкот и е често употребен во Стариот завет (на пр. кај Исаија, но и во книгите на Еремија, Захарија и Малахија). Вториот термин, пак, *ḥāzôn*, „видение“, исто така е често употребен во Исаија, Амос, Авдиј и Авакум. Ова е уште позначајно во врска со Авакум, затоа што обата термина се појавуваат и на самиот почеток од неговиот спис (Ав 1,1), а станува збор за книги кои се поставени една покрај друга во збирката на дванаесетте пророци (Donatella Scaiola, *I dodici profeti: perche «minori»? Ezegesi e teologia*, 129).

[35] Donatella Scaiola, *I dodici profeti: perche «minori»? Ezegesi e teologia*, 130–131.

те мали пророци, посебно меѓу Наум и Авакум, или меѓу Наум и Јона. Во книгата Јона во центарот на збиднувањата е истиот град – Ниневија, кој се соочува со истата порака за суд, но со сосема различна разрешница.[36] Јона и Наум претставуваат две различни решенија за истиот проблем во однос на туѓинското владетелство.[37] Овој начин е во согласност со очигледниот пристап во последните списи на книгата на дванаесетте пророци, во кои пророците се осврнуваат на одредена тема, која сепак може да се изрази на различни начини.[38]

### 3.2 *Главни теолошки пораки*

Пораката на Наумовата книга се однесува на судбината на Ниневија како тврдина на злото коешто Господ ќе го уништи. Тоа ќе се случи затоа што градот станал симбол на злото, насилството, грабежот, угнетувањето и сето она што една голема силна земја си го дозволува при зацврстувањето на својата моќ и потчинувањето на другите. На долги патеки, оваа велесила утврдена врз злото не би можела да опстои, а причината на нејзината пропаст е токму во злото коешто го користела за да владее. И тоа навистина се случило кога во 612 година пр. Хр. Ниневија била немилосрдно уништена од Вавилон и Мидија. Со тоа е избришана една безмилосна сила која нанела толку зло и болка врз другите народи. Но, осудата на Ниневија не произлегува од омразата на пророкот, но има теолошки корен во конечната анализа, поврзана со Бог, кој е добар кон праведните и гневен кон оние што прават зло. Имено, тука не станува збор за некаква Божја лутина или освета, туку за ослободување од злото и воспоставувањето на правдата. Затоа и се нагласува дека Господ е добар за оние кои во Него се надеваат, Тој е нивно прибежиште во денот на жалоста (На 1,7). Вината на Ниневија е вина на секоја голема сила која својата снага и напредок ја гледа во угнетувањето на

[36] Многу егзегети се сложуваат дека „книгата на Наум најдобро се разбира ако се чита како додаток на книгата на Јона“ (Duane L Christensen, “The Book of Nahum: A History of Interpretation” in *Forming Prophetic Literature: Essays on Isaiah and the Twelve in Honor of John D. W. Watts*, ed. James W. Watts - Paul R. House, JSOTSup 235, Sheffield 1996 187–94). Кога народот на Ниневија го послушал Јона бил спасен. Книгата на Наум, пак, ни кажува дека Ниневјаните сепак се вратиле по нивните грешни патишта и затоа повторно потпаднале под Божјата осуда. Слични размислувања се среќаваат и во псевдографскиот спис „Животот на пророците“ (11:2; OTP 2:292), како и во толкувањето на Теодор Мопсуетски (FC 108; Theodore 2004: 245).

[37] Donatella Scaiola, *I dodici profeti: perche «minori»? Ezegesi e teologia*, 131–132.

[38] Donatella Scaiola, *Naum, Abacuc, Sofonia. Introduzione, traduzione, commento*, 15.

другите, на немоќните. Во таа смисла, Јудеја е потчинета и општествено, и културно, и верски и затоа пророкот е на нејзина страна.[39]

При изразувањето на бруталната визија на иднината на непријателскиот народ, пророкот ја воспева пропаста на Ниневија, а со тоа и избавувањето на Израил.[40] Притоа, Наум истакнува еден аспект од реалноста којшто често не е земен предвид: прозбата која ние ја упатуваме кон Бога во молитвата, Тој да го спречи угнетувањето, подразбира отстранување на угнетувачот. Оттаму насилството коешто е изразено во оваа книга, коешто толку го скандализира христијанскиот читател, во реалноста е претставено како остварување на Божјата правда, којашто, од една страна го спасува народот, но од друга страна, става крај на едно насилно, уништувачко и нехумано владеење.[41]

Врз основа на настаните опишани во Наумовата книга се размислува за односот на Бога кон големите и моќни држави. Бог, присутен во историјата, учествува во големите и судбоносни чекори за човештвото. Наумовата порака во историски рамки се обидува да ја објасни неизмерната Божја сила која не ги заборава потчинетите и угнетените и која на безнадежните им дава надеж. Затоа што Бог е оној кој го има последниот збор во историјата на човекот и светот, а не човекот, без разлика на тоа што во некои моменти некои личности или држави се чинеле семоќни и неуништливи. Како ниеден друг пророк, Наум го означува Израилевиот Бог како „Господ Саваот“ (Господ на војските).[42] Наумовата мисла, иако главно се движи околу судбината на Ниневија како престолнина на тогашната сурова држава Асирија, сепак во себе крие подлабока порака, во пофалбата на Господа кој е единствен Бог и кој не допушта на ниту еден друг бог да го загрози човекот, народот или историјата. Затоа и тонот со кој е напишан Наумовиот спис, колку е снажен, толку е и охрабрувачки. Да не изумиме дека и самото име Наум укажува на Бога како Утешител на обесправените, не само во личните односи, туку и во меѓународните. Утешната порака се состои во тоа дека Бог ги отстранува силниците и се грижи за оние кои не можат да си помогнат, а се препуштаат на Божјата помош. Тоа значи дека главната порака се однесува на Бога и Неговата улога во човечката историја.[43]

---

[39] Božo Lujić, *Starozavjetni proroci*, 235–236.

[40] Richard Coggins - Jin H. Han, *Six Minor Prophets Through the Centuries: Nahum, Habakkuk, Zephaniah, Haggai, Zechariah, and Malachi*, Blackwell Bible Commentaries, Chichester 2011.

[41] Donatella Scaiola, *I dodici profeti: perche «minori»? Ezegesi e teologia*, 130.

[42] Božo Lujić, *Starozavjetni proroci*, 237.

[43] Božo Lujić, *Starozavjetni proroci*, 237–238. Егзегетите во Наум гледаат пророк кој „со страсно уверување ја објавува основната вистина на пророчкото верување, дека Бог ја контролира историјата на народите и дека Неговото морално владеење се манифестира во казнување на бруталниот тиранин“ (Julius A. Bewer, *The Book of the Twelve Prophets. Volume*

Спротивно на првиот впечаток, Наум го објавува Господовото владетелство, што го потврдува авторот дури и во време кога народот на Израил се наоѓа во тешки услови, кога ја губи својата независност и политичка автономија и бива потчинет на туѓински сили. Бог, бидејќи е добар и праведен, ги брани оние кои се слаби, обесхрабрени, лишени од помош, но „никогаш не остава зло да биде неказнето“ (1,3).

На тој начин, Наумовата порака свое значење имала не само во времето на пророкот, туку во неа се открива една општа порака која ги надминува границите на одреден историски момент. Искуството ни покажува дека, во определени историски периоди, луѓето лесно се препуштаат на очајанието и малодушноста, не гледајќи никаков излез пред растечкото и незапирливо зло. Во светот секогаш владееле големите и моќните сили, кои се обидуваат да го наметнат нивниот начин на однесување и размислување, а малите народи и малите земји честопати се немоќни пред нив. Па си го поставуваат прашањето: дали Бог им помага во тоа?[44]

А порака на пророкот Наум е токму порака на утеха за малите народи и земји. И покрај привидната утврденост во непобедливост и утврденост во моќта, злото извршено кон другите секогаш влијае разорувачки и кон злочинителот. Тоа значи дека прашање на време е кога ќе се појави неговата слабост, која самиот ќе го одведе во пропаст. И обично тоа се случува неочекувано, како што е случајот со Ниневија, главниот град на асирското царство и симбол на моќта и злото.[45]

Оттаму, пораката е дека секогаш треба да се градат здрави темели на општеството, затоа што тогаш и искушенијата и неволјите полесно се надминуваат. А дека вистинските причини за пропаста секогаш се однатре, смета и пророкот Осија кога вели: „Твојата пропаст, Израиле, е во тебе“ (Ос 13,9). И како што пропаста ќе ѝ се случи на Асирија, половина век подоцна

2: *Zephaniah, Nahum, Habakkuk, Haggai, Zechariah, Obadiah, Malachi, Joel and Jonah in the King James Version with Introduction and Critical Notes*, New York 1949, 22).

[44] Božo Lujić, *Starozavjetni proroci*, 238.

[45] Настрана од историските детали, честопати нејасни и тешко да се прецизираат, интересно е што зборовите на пророкот беа разбрани како да се однесуваат на историска ситуација којашто е многу далеку од првобитната, но и многу слична на неа. Може да се претпостави дека Наум, како и другите пророци, ја користи претходната традиција, па препрочитува текстови и пророштва што се веќе присутни и размислува за темата на Заветот, која се провлекува низ книгата и добро се усогласува со верата во моќта на Господа да интервенира во историјата на светот и со убедување дека ниедна сила, човечка или божествена, Нему не може да му се спротивстави (Donatella Scaiola, *Naum, Abacuc, Sofonia. Introduzione, traduzione, commento*, 15–16).

истото ќе му се случи и на Ерусалим.[46] Тоа значи, дека последниот збор го нема угнетувачот, силникот, ограбувачот, туку – Бог!

GJOKO GJORGJEVSKI

## NAUM – PROCLAIMER OF THE LORD PUNISHMENT AND A PROPHET OF GOD'S CONSOLATION

(Summary)

The present research aims to provide a brief introduction of the Book of Nahum, investigating the authorship, historical circumstances, time and place of the writing, as well the literary aspects of the book. The historical setting of the book of Nahum will be addressed, followed by the audience that the author intended to reach and the literary structure of the book. Finally, the most important theological topics as an application of the book for the present days and the modern believers is done.

[46] Božo Lujić, *Starozavjetni proroci*, 238. Еден библист за пророкот Наум дури вели дека кон Нивевјаните милитантно го фрлил „првиот камен... не покажувајќи никаква свест за фактот дека гревовите на Асирците биле истите гревови и на Јудејците“ (James T Cleland, “The Book of Nahum: Exposition” ин *Interpreter's Bible*, ed. George Buttrick, 6, New York 1956, 957–62).